

# ПРОМЕНИ ВО МОДЕЛОТ И МЕНУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**д-р Александар Љ. Спасов (ментор и автор)**
**д-р Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ (менторка)**

**ИСТРАЖУВАЧКИ ТИМ:**
Елизабета Наумовска
Наташа Петровска
Радица Тодоровска
Емилија Костурски
Лидија Тасевска
Александра Филипова
Виктор Стојкоски
Нергин Сејфовски
Филип Бошков
Теодора Столевска
Фатлум Баута
Емир Хасановиќ
Јасна Домазетовска
Сашо Мержаноски

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

ПРОГРЕС
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

# ПРОМЕНИ ВО МОДЕЛОТ И МЕНУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА ЗА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**д-р Александар Љ. Спасов (ментор и автор)**
**д-р Дијана Стојановиќ-Ѓорѓевиќ (менторка)**

**Истражувачки тим (автори):**
Елизабета Наумовска
Наташа Петровска
Радица Тодоровска
Емилија Костурски
Лидија Тасевска
Александра Филипова
Виктор Стојкоски
Нергин Сејфовски
Филип Бошков
Теодора Столевска
Фатлум Баута
Емир Хасановиќ
Јасна Домазетовска
Сашо Мержаноски

**Copyright © „Friedrich-Ebert-Stiftung“**

*Сите права се задржани*

*Печатените изданија на Фондацијата Фридрих Еберт не смеат да се користат во комерцијални цели без претходно писмено одобрување од страна на фондацијата.*

---

**Издавач:**
Фондација Фридрих Еберт - канцеларија Скопје
www.fes.org.mk

**Лектор:**
Споменка Тодоровска Јоксиќ

**Дизајн на корица:**
Контура ДОО

**Печати:**
Контура ДОО

**Тираж на изданието:**
150

*Искажаните ставови на експертите не мора да соодветствуваат на ставовите на организаторите.*

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | 5 |
| ВОВЕД | 7 |
| ПРИЧИНИ ЗА ПРОБЛЕМОТ | 12 |
| ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ПРОБЛЕМОТ | 14 |
| ДОКАЗИ И ИЗВОРИ КОИ ГОW ПОДДРЖУВААТ ОПИСОТ НА ПРОБЛЕМОТ | 21 |
| ГЕНЕРАЛЕН ПРИОД | 23 |
| ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-МОДЕЛОТ | 30 |
| ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА МЕНУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПЕРЦПЕЦИЈАТА ЗА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ | 33 |

# ПРЕДГОВОР

Фондацијата „Фридрих Еберт“, канцеларија во Скопје во соработка со Институтот за социјална демократија „Прогрес“, го иницираше проектот „Форум за јавни политики“, чијашто основна цел е да обезбеди платформа за развој и промоција на јавни политики во различни оштествени сфери во духот на вредностите на социјалната демократија.

Вториот Форум за јавни политики се фокусираше на образовните политики во средното стручно образование и понуди целосни и кохерентни решенија. Преку континуирана работа во текот на годината, експертска поддршка, споделување на практични искуства и континуиран дијалог со сите релевантни чинители од академската и професионалната заедница, учесничките и учесниците на Форумот добија можност за подлабоко проникнување во образвониот систем на Македонија и креирање на предлози и документ за политики во сферата на средното стручно образование.

Се надеваме дека анализата и препораките содржани во овој документ ќе бидат препознаени и имплементирани од страна на носителите на одлуки во Република Македонија, со што ќе придонесеме во унапредувањето и реформирањето на образовниот систем во земјата.

**Нита Старова,**
**проект-координатор во Фондацијата „Фридрих Еберт“, канцеларија во Скопје**

**д-р Александар Спасов,**
**проект-менаџер во Институтот за социјална демократија „Прогрес“**

# ВОВЕД

Квалитетен и функционален образовен систем подразбира постоење на правила и стандарди на сите нивоа. Систематскиот приод во градењето на еден образовен модел, вклучително и модел на средно стручно образование и обука, опфаќа низа активности кои се карактеризираат со осмисленост, систематичност, кохерентност во насока на стекнување на знаења, компетенции и вештини за одредена работа. Таков образовен систем треба да овозможи одржливост, односно трајност и континуитет во приспособувањето кон актуелните потреби на учениците, но и на работодавците, односно пазарот на трудот. Покрај многубројните институционални предизвици, еден од клучните проблеми со кои се соочува Република Македонија веќе подолго време е огромниот степен на младинска невработеност која изнесува алармантни 52%[1]. Иако има многу фактори кои влијаат врз оваа појава, клучната причина која ја наведува еден од работодавците[2] е фактот дека понудата на пазарот на трудот не соодветствува со побарувачката. Република Македонија располага со голем број кадри во одредени дејности и одреден степен на образование, дури може да се каже дека постои и хиперпродукција на одреден кадар, а од друга страна одредени дејности се релативно запоставени. Ова покажува дека образовниот систем во Република Македонија продуцира резултати кои не се соодветни на реалната пазарна состојба и поради тоа е потребна коренита, системска реформа за да се одговори на овој предизвик.

Стратешко решение за оваа проблематика се неопходните реформи во средното стручно образование. Со помош на ефикасни реформи во оваа област би можело да се одговори на постојната побарувачка во голем број дејности и да се оспособат млади учесници на пазарот на трудот што е можно побрзо и поефикасно да одговорат на работните задачи за соодветните работни места, а истовремено работодавците да добијат квалитетни и способни професионалци за извршување на нивните дејности, што ќе придонесе во нивниот понатамошен развој[3].

Генерално земено, во Република Македонија законските регулативи за средно образование се концизни и прецизни, но нивната импелементација е она што понатаму создава

1 Стратегија за партнество со Република Македонија, Светска банка, достапно на: http://documents.worldbank.org/curated/en/223721468271524314/pdf/895560CAS0MACE0Makedonija0201502018.pdf [последен пат пристапено на 4.6.2017 год.].

2 Податок добиен од страна на г. Ангел Димитров, претседател на Организацијата на работодавци на РМ (Организацијата на работодавци претставува над 15 сектори, во кои се вработени речиси 70. 000 вработени во 1012 претпријатија од приватниот сектор во Република Македонија), во интервју спроведено на 1.6.2017 година.

3 Интервју. Ангел Димитров, претседател на Организацијата на работодавци. 1.6.2017

проблеми, за кои сведочат и меѓународни тестирања како PISA и TIMS[4]. Овие тестирања кои се спроведуваат на светско ниво, имаат за цел да измерат колку стекнатите знаења низ процесот на образованието, учениците успеваат да ги спроведат во пракса. Светска банка вложува значајни средства во македонското образование, и тоа е еден од нејзините приоритети наведен во стратегијата за партнерство со земјата, 2015 -2018 година[5]. Сепак, на меѓународните тестирања се покажани слаби резултати, иако е голем процентот на високообразовани кадри[6]. Како што покажуваат меѓународните тестирања, лошите резултати произлегуваат од фактот дека учениците не се подготвени да ги имплементираат веќе стекнатите теоретски знаења во секојдневниот живот. Слабите резултати покажани на овие тестирања (PISA и TIMS)[7], укажуваат на неправилна искористеност на средствата вложени од Светска банка и нивна неправилна наменска употреба.

Основните проблеми со кои се соочува средното стручно образование во Македонија се резултат на две клучни критични подрачја:

1. *Легислативата* – Преовладува квантитативниот аспект и безбројните нови закони или промени на постојните закони во воспоставување на моделот во однос на квалитативниот аспект. Тоа се рефлектира во воспитно-образовен процес кој во ССО „произведува“ кадар кој не е подготвен веднаш да се вклучи на пазарот на трудот, од една страна и отсуство на мотивација и поттикнување на стопанството да се вклучи во образовниот сегмент, од друга страна.
2. *Инертност* – Постоење на голем јаз помеѓу широката понуда на струки и профили од страна на ССОО и потребата од применливи струки и профили кои веднаш би се вклопиле на пазарот на трудот. Неадаптабилноста на наставните програми и планови соодветно на техничко-технолошкиот развој и воопшто на развојот на науката влијае на целокупниот процес на едукација кај учениците.

Постојниот систем на стручно образование и обука во државата покажува слабости како на системски така и на програмски план. Големиот број лица без квалификации, проблематичната релевантност на постојните наставни планови и програми, неатрактивноста на стручното образование и обука за младите и возрасните, слабата соработка на образовните установи и бизнис-секторот, потребата од нови профили и вештини за продолжување на образованието и/или успешна транзиција на пазарот на трудот, како и евроинтеграциските процеси ја налагаат потребата од модернизација на стручното образование и обука во државата.[8]

---

4 На меѓународното PISA-тестирање на ученици, македонските 15-годишници на дното http://www.mkd.mk/makedonija/politika/na-megjunarodnoto-pisa-testiranje-na-uchenici-makedonskite-15-godishnici-na http://www.keepeek.com/Digital-Asset-Management/oecd/education/pisa-2015-results-volume-i_9789264266490-en#page1 [Последен пат пристапено на: 30.6.2017]

5 Стратегија за партнество со Република Македонија, Светска банка, стр.92 http://documents.worldbank.org/curated/en/223721468271524314/pdf/895560CAS0MACE0Makedonija0201502018.pdf [Последен пат пристапено на: 30.6.2017]

6 Потребен ли е нов универзитет? http://respublica.edu.mk/blog/2016-02-19-10-46-22 [Последен пат пристапено на: 30.6.2017]

7 На меѓународното PISA-тестирање на ученици, македонските 15-годишници на дното http://www.mkd.mk/makedonija/politika/na-megjunarodnoto-pisa-testiranje-na-uchenici-makedonskite-15-godishnici-na http://www.keepeek.com/Digital-Asset-Management/oecd/education/pisa-2015-results-volume-i_9789264266490-en#page1 [Последен пат пристапено на: 30.6.2017]

8 Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, Министерство за образование и наука, Скопје 2013,стр.6

Легислативата во однос на средното стручно образование (ССО) овозможува голем број механизми за целосно оспособување и подготовка на средношколците за пазарот на трудот, но проблемите се јавуваат во имплементацијата односно праксата и соработката на надлежните институции едни со други, што го покажуваат и извештаите на Државниот завод за ревизија[9]. Учениците имаат слаб пристап до корисна практична настава, програмите се застарени и не им помагаат вистински да се оспособат за директно вклучување на пазарот на трудот по завршувањето на средното стручно образование. Наставниците не ги добиваат потребните обуки за надградба на вештините во согласност со развојот на стручните предмети што ги предаваат, материјалите од кои учениците учат најчесто се застарени, не се целосни и не се во согласност со развојот на струките за кои се наменети.

Понатаму, може да се истакне и дека институциите не придонесуваат за промоција на средното стручно образование, а дополнително влијае и стереотипот дека без диплома од факултет е невозможно да се најде работа. Недоволната информираност на граѓаните дека и по завршувањето на средно стручно образование ученците можат да продолжат со надоградување во високообразовна институција компатабилна со струката која ја изучувале во средно образование, создава дополнителни потешкотии за промоција на ССО. Поради овие околности, во Република Македонија сè помалку ученици се определуваат за средно стручно образование, и покрај многубројните индикатори кои покажуваат дека постојат солидни можностите за вработување и остварување на финансискиот надоместок и со ваков степен на образование.

Овој документ се фокусира на три специфични проблеми кои влијаат врз развојот на средното стручно образование и наука: неизбалансираност на образовниот систем со потребите на пазарот на трудот од квантитативен и квалитативен аспект, инертноста на наставните програми и планови, што е главна причина за неприменливост на практично стекнатите знаење и вештини на учениците и негативната перцепција за средното стручно образование кај учениците и родителите, како и кај општата јавност.

Во Република Македонија постојат 73 средни стручни училишта во кои учениците се запишуваат во 14 различни струки (тука не спаѓаат уметничките училишта). Во секоја струка има по неколку образовни профили. Некои образовни профили се со двогодишно, некои со тригодишно, а најмногу од нив се со четиригодишно времетраење[10]. Во конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2017/2018 година во Република Македонија се објавени сите постојни струки и профили. Но, и покрај широката палета на струки и профили кои постојат од страна на нашиот образовен систем, Советот на странските инвеститори во Република Македонија истакнува, врз основа на резултатите од спроведената анкета[11], дека по завршувањето на ССО на учениците им недостига практично искуство во струката, технички способности, но и професионален однос во струката.

Организацијата и воспоставувањето на моделот на средно стручно образование и обука (ССОО) во Македонија се темели, главно, на два најзначајни „носечки" закони во конкретната област: *Закон за стручно образование и обука* и *Закон за средно образование*.

9 Ревизија на регуларност http://dzr.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1090 [Последен пат пристапено на: 30.6.2017]

10 http://www.csoo.edu.mk/images/stories/NastavniPlanovi/nastavniplanovi.pdf ( Пристапено на 25 јуни 2017 г.)

11 Economic Chamber of Macedonia: Announcements, News, Activities, достапно на: http://www.fic.mk/content/FIC_Survey_Manual_Skilled_Labor_05042017.pdfhttp://www.mchamber.mk/(S(kborv4a0oo1i0cbl5y4t4r34))/default.aspx?lId=2&mId=55&smId=0&cId=0&pId=1&evId=34651 (Пристапено на 20 ноември 2017 г.)

Практичната обука на учениците како содржина на стручното образование и обука (СОО), гарантирана во чл.11 од Законот за стручно образование и обука е појдовната точка во проблематизирање на актуелно поставените законски решенија. Прво, евидентна е недореченоста во Законот за стручно образование и обука во насока на дефинирање на тоа што значи практичната обука, како и нејзино нормативно поставување на цврста основа. Ова подразбира дека соодветно на значањето на практичната обука, потребно е прецизирање на ова поглавје кое ќе ги постави основите на практично реформирање на моделот.

Од друга страна, во Македонија континуирано се нагласува проблемот со несоработката, или фиктивната, или недоволната соработа на установите за ССОО со бизнис-секторот, за што зборува фактот дека социјалните партнери на ССОО почесто ја актуелизираат потребата од зајакнување на овој образовен модел во смисла на негово приспособување кон пазарот на трудот. Пред околу една година, Стопанската комора на Македонија го отвори прашањето за воведување на т.н. дуален модел на образование во кој системски ќе се вклучи практичната настава[12]. Иако одредена модификација на овој модел постои во Македонија, сепак тоа не е доволно ниту соодветно пропорционално поставено во зависност од стручните квалификации, а дополнително, не е јасно превидено во легислативата. Во оваа насока се отвора прашањето за усогласување на струките и профилите со потребите на пазарот на трудот, што е главниот фактор за проблематизирање на постојниот модел на ССОО. Социјалните партнери на образовните установи во соработка со органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа го реализираат системот на СОО, истите имаат надлежност да вршат анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и да ги искажуваат согледувањата до Центарот и установите за СОО. Иако во оваа насока, Законот за стручно образование и обука ги вклучува општините односно Градот Скопје како активни чинители[13], ситуацијата на терен покажува дека постои некомпатибилност помеѓу Законот и неговата примена.

Покрај (не)усогласеноста на понудата и побарувачката, несоодветната практична подготвеност на учениците е клучен проблем при нивна инклузија во работниот процес. Квалитетот на практичната обука што ја добиваат учениците од претставниците на бизнис-секторот е од примарно значење за нивна практична подготвеност по завршувањето на образованието. Актуелната ситуација на ова прашање укажува на *pro forme* извршување на обуката која во пракса не ги дава очекуваните резултати. Затоа, механизмите за решавање на проблемот треба да се засноваат на еластичност, флексибилност и трајна сензитивност на следење на современите текови. Во редот на такви механизми треба да се изгради реален, цврст, продуктивен, од заемен интерес жив систем на социјални партнерства помеѓу самиот образовен систем и пазарот на трудот. Тој систем треба да е препознатлив на популацијата, јасен, видлив и мотивирачки.

Овој документ ја адресира и перцепцијата на сите инволвирани чинители во овој процес, со цел за нејзина промена во насока на подобрување на јавното мислење за ССО, дестигматизација и зголемување на стапката на упис во овие училишта. Една од основните препораки е да се направи сеопфатна анализа за перцепцијата на јавноста за средното стручно образование и обука преку која ќе може да се креираат реални мерки и препораки за унапредување на утврдената состојба. Еден од механизмите што може да се

12 http://mchamber.org.mk/(S(ee3acybw0xigod55vvt1loyq))/default.aspx?lId=1&mId=55&evt=2&ContentContainer5$ ctl00_page=3&evId=33931 (Пристапено на 25 јуни 2017 г.)

13 Закон за стручно образование и обука, „Службен весник на Република Македонија", бр. 71/2006117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015, чл.10

искористи е долгорочна кампања за подигнување на јавната свест, со фокус на младите луѓе односно идните средношколци, која ќе има за цел да ги разбие заблудите дека кариерните можности, академската надоградба и финансиските примања со овој тип на образование се прилично ограничени. Наедно, оваа кампања би ги промовирала придобивките од овој тип на образование, со акцент на можноста за усовршување во струка во која има реална побарувачка на пазарот на трудот, што би влијаело и врз зголемен упис на ученици со солидни постигнувања во претходниот степен на образование.

Она што е јасно е дека до решението за поставениот проблем во средното стручно образование во Македонија може да се стигне преку воспоставување на јасна стратегија за усогласување на понудата на практично добро обучен и високоодговорен кадар од средното стручно образование со побарувачката на пазарот на трудот, која ќе дозволи активна и законски регулирана партиципација за бизнис-секторот, како и континуиран професионален развој на образовниот кадар, кој би го следел развојот на техниката и технологијата, и на тоа би ги базирал наставните програми и планови. Оваа стратегија би ја промовирала и можноста за запишување на факултет за учениците кои завршиле средно стручно образование, а сакаат да го продолжат понатамошното формално образование.

Освен стратешки решенија, за промена на јавната перцепција за овој тип образование, неопходно е да постои континуирана комуникација меѓу образовната институција, учениците, родителите и приватниот сектор, со цел учениците да се одлучат за овој тип образование, а истовремено полесно и побрзо да се вклучат во стопанството по нивното завршување. На овој начин би се овозможило и приспособување на работата на училиштето во насока на потребите на пазарот на трудот, при што училиштата би ги приспособиле своите наставни планови и програми, во согласност со потребите на пазарот и трендовите на иновација со цел учениците остручени и подготвени да се вклучат на пазарот на трудот.

# ПРИЧИНИ ЗА ПРОБЛЕМОТ

Моделот на ССОО во Република Македонија, од аспект на практично оспособување на учениците за директно вклучување во работните процеси по завршувањето на училиштето е суштински дел од севкупниот образовен систем. Проблематизирањето на овој дел е поттикнат од причини кои јасно може да се детерминираат во насока на прагматичен концепт на ССОО.

Првата причина е примената на инертни наставни планови и програми кои се строго затворени и не ги следат современите потреби и техничко-технолошките тенденции. Тоа подразбира дека учениците не се стекнуваат со реално потребните вештини и компетенции за да одговорат на барањата на работното место. Ова го отвора прашањето за формата, начинот и содржините кои се однесуваат на планирање и реализирање на теоретската и практичната настава. За да се реализираат наставните програми во ССОО, неопходни се нагледни средства, опрема и материјали како и просторни односно технички услови за изведување на наставата. Непостоењето голем дел од овие услови предизвикува наставниот кадар само формално да ја извршува работата користејќи импровизации. Оваа состојба предизвикува отсуство на покренување на иницијатива за промена на одредени наставни програми од страна на наставниците до МОН, Бирото за развој на образованието или до Центарот за стручно образование и обука[14]. Исто така, поради неисполнување на условите за соодветна реализација на наставните програми наставниот кадар не ги приспособува планирањата според различните способности на учениците.[15] Соодветно на ситуацијата, се создаваат немотивирани наставници на кои им се нарушува квалитетот во извршувањето на наставниот процес и практично неоспособени кадри во струката за која се образоваат. Сите горенаведени околности укажуваат на речиси супстандардно функционирање на средните стручни училишта во Македонија во споредба со современиот развој на науката, техниката и технологијата.

Втората причина за проблемот е неусогласеноста на понудените струки и профили со потребите на пазарот на трудот, односно недостигот на релевантно практично искуство, недостигот на технички вештини, отсуството на интерес, недостигот на општи знаења, како и недостигот на вештини за професионален однос во работата[16]. Создавањето човечки ресурси со дефицит на практична подготвеност да одговорат на предизвиците во работниот процес ја отежнува и усложнува работата во компаниите. Прво, тоа значи

14 Извештај од самоевалуацијата на Училиштето за средно стручно образование „Коле Неделковски" од Велес (2014-2016), стр.18

15 Ibid., стр. 18

16 WHY DOES THE ECONOMY NEED TO CONSIDER MANUAL LABOR INCENTIVES? Research of the Foreign Investors Council, достапно на http://www.fic.mk/content/FIC_Survey_Manual_Skilled_Labor_05042017.pdf . Пристапено на 13.05.2017

дека работодавците за да ја исполнат потребата на компанијата треба самите да извршат практична едукација на кадарот кој го вработуваат, што значи дека улогата на училиштето се префрла во организацијата која има потреба од конкретниот кадар. Како резултат на тоа, компаниите треба да одделат дополнителен влог на финансии, човечки ресурси, но и време кое ќе биде во служба на оспособување на кадарот, што на подолг рок го забавува развојот на бизнисот. Второ, како последица на несоодветната практична подготвеност на учениците по завршувањето на ССОО се јавува отсуство на конкурентност на пазарот на трудот. Тоа во голем дел зборува за квалитетот на образовниот процес конкретно во училиштето, што индиректно влијае врз имиџот на институцијата преку девалвација на вработените и кадарот кој произлегува оттаму. Потврда за ваквата ситуација е и отсуството на соработка на работодавците односно компаниите со средните стручни училишта во Македонија[17].

Главните причини поради кои има негативна перцепција на средното стручно образование се повеќеслојни. ССО има проблеми со несоодветен кадар, несоодветен материјал и работни услови, неподготвеност на учениците по завршувањето на ССО да се вклучат на пазарот на трудот, недоволна промоција на училиштата и на можностите кои тие ги нудат. Уште еден проблем, идентификуван по спроведувањето на анкетен прашалник меѓу ученици во две стручни училишта е што речиси 20% од испитаниците се чувствуваат дискриминирано поради фактот што се ученици во средно стручно училиште. Дел од учениците (вкупно 7) и не се чувствуваат безбедно во својата образовна институција во рамките на ССО. Истражувањето покажа дека 51% од испитаниците одговориле дека по завршувањето на ССО ќе се запишат на факултет.

Во однос на наставниот кадар, законската регулатива прецизно дефинира како треба да се одвива развојот на кариерата на образовните работници во овој сегмент. Во Законот за вработените во јавниот сектор[18] и Законот за наставници во основните и средните училишта[19] постојат одредби кои укажуваат на потребата од стручно усовршување на вработените. Законот за наставници во основните и средните училишта ова го уредува со тоа што дава обврска, наставниците да поминат 60 часови во текот на три години во доедукација и усовршување[20]. На прашањето како образовните институции спроведуваат доквалификација на кадарот од средно стручно образование, одговорот што беше добиен укажува дека нема систематско дообучување, што покажува дека не се спроведуваат целосно законските одредби. Овој процес најчесто се одвива преку проекти кои надлежните институции ги спроведуваат и не ги опфаќаат сите наставници во рамките на ССО[21].

17 „Анализа за потребите од следење на одредниците на учениците по завршувањето на средното стручно образование", Центар за стручно образование и обука, Скопје 2013, стр.64

18 Закон за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ 27/14, 199/14, 27/16).

19 Закон за наставниците во основните и средните училишта (Сл. весник на РМ 10/15, 145/15, 30/16, 127/16).

20 Во согласност со чл. 21 од Законот за наставниците во основните и средните училишта (Сл. весник на РМ 10/15, 145/15, 30/16, 127/16).

21 Ова беше истакнато од страна на директорите на средните стурчни училишта кои беа интервјуирани при процесот на собирање податоци за изготвување на овој документ

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ПРОБЛЕМОТ

Генерално, системот на средното стручно образование и обука во Македонија се соочува со суштински проблем на практично неподготвен кадар кој треба да се вклучи во работниот процес по завршувањето на образованието. Во оваа смисла, не се доведува во прашање функционалноста на образовниот систем, туку неговата усогласеност со широките општествени потреби заради суштинска реализација на целта на образованието. Продукцијата на кадар кој ќе биде подготвен да одговори на потребите на стопанството ја претставува и основната смисла на образовниот процес во стручните училишта.

Проблемот е мултидимензионален бидејќи во него се вкрстуваат повеќе суштински сегменти од образованието, како квалитетот на наставните планови и програми, техничко-технолошкиот капацитет на училиштата, односот на училиштата со бизнис-секторот и негативната перцепција во јавноста за средните стручни училишта. Првенствено е важно дека проблемите се движат од тешкотии во наоѓањето партнери во бизнис-секторот, тешкотии во планирањето на динамиката на реализацијата на практичната обука, недостиг на средства (потрошен материјал) за ефективно спроведување на практичната настава во училиштата, застарена техника која ја употребуваат учениците во процесот на практичната настава во училиштата која мошне се разликува од онаа која се употребува во компаниите и слаба мотивираност на компаниите за поголема соработка со училиштата[22]. Социјалните партнери на ССОО многу често ја актуелизираат потребата од зајакнување на овој образовен модел во смисла на негово приспособување на пазарот на трудот. Предизвиците на новото време бараат постојано следење на современите текови. Несоодветниот одговор на овие потреби го доведуваат до ситуација бизнис-секторот самостојно да изнајде решение за проблемот, и тоа најчесто го прави преку обучување на кадри кои треба да се вклучат во нивните организации. Во интервјуата направени со пет сопственици од бизнис-секторот, во мај 2017 година, се потврдува дека се организираат интерни обуки за новите вработени кои ги спроведуваат поискусните вработени во компанијата, со тоа што еден од нив акцентира дека учениците кои доаѓаат на пракса во компанијата, без разлика на годината на образованието, го покажуваат само знаењето стекнато во компанијата. Имено, и основата, но и натамошното надградување, кадарот ја добива во рамките на компаниите. Причината за тоа е отсуството на соодветна техничка опрема во училиштето и едуциран наставен кадар соодветно на модернизацијата, па доколку ученикот реши да реализира пракса во рамките на училиштето, тогаш истиот ќе излезе од образовниот процес како неподготвен за практично изведување[23]. Ова го

22 Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, Министерство за образование и наука, Скопје 2013, стр. 41

23 Направени се вкупно 4 интервјуа со сопственици од бизнис-секторот кои опфатија претставници од областа на здравството, личните услуги и трговијата. Интервјуата беа составени од вкупно 11 прашања.

потврдува и ставот на учениците за очекувањата од образовниот процес. Учениците од пониските години на образование во ССО имаат очекувања дека во рамките на своето образование ќе бидат делумно оспособени со знаења и вештини потребни за директно вработување веднаш по завршувањето на ССО. За разлика од нив, учениците од завршните години, на крајот од своето ССО, изјавуваат дека не се чувствуваат подготвени да одговорат на барањата на работното место поврзано со нивната струка, без дополнителни обуки и едукација.[24] Наставниците, исто така, сметаат дека ССО не овозможува создавање на подговени кадри кои се способни веднаш работно да се ангажираат без дополнителни обуки и курсеви. Од одговорите може да се забележи дека 53,7% од испитаниците само делумно сметаат дека учениците стекнуваат потребни и доволни теоретски знаења, а значителен дел наставници (22,2%) се изјасниле дека теоретските знаења на учениците не се доволни за изведување на практичната настава (Графикон 1). [25]




**Графикон 1.** Теоретските знаења на учениците се доволни за изведување на практичната настава

Понатаму, 61,4% од испитаниците (28,4% воопшто не се согласуваат и 33% не се согласуваат) истакнаа дека во училиштата нема неопходна опрема, машини, алати и материјали потребни за изведување на практичната настава, додека 27,5% се изјаснија дека делумно се согласуваат со изјавата дека во нивното училиште има неопходна опрема, алати и материјали за изведување на практичната настава (Графикон 2). Ова укажува дека постои недоволна опременост на училиштата за изведување на квалитетно, стручно и практично оспособување на учениците.

24 Во мај 2017 година направени се три фокус-групи со вкупно 33 ученици од втора, трета и четврта година од електротехничка, машинска, графичка, сообраќајна, градежно-геодетеска, економско-правна и трговска, текстилно-кожарска и здравствена струка. Поставени беа, главно осум прашања со дополнителни потпрашања при реализација на фокус-групите.

25 Анкетата на наставниците беше спроведена врз основа на анкетен прашалник составен од вкупно 15 прашања. Беше спроведена во мај 2017 година, онлајн, со вкупно 118 наставници по теоретско-стручни предмети, општообразовни предмети и практична настава.




**Графикон 2.** За изведување на практичната настава во вашето училиште ја имаат неопходната опрема, алати и материјали

Евидентноста на проблемот со материјално-техничката опременост на училиштата за реализација на практичната настава се забележува и преку самофинансирање на учениците за потребните средства во насока на надградување на знаењата и вештините[26]. Ако се земе предвид дека тројца од вкупно четворица интервјуирани претставници на компании се заинтересирани да инвестираат во техничка опрема за училиштата кои се во сродна дејност[27], тогаш образовниот систем во Македонија укажува на отсуство на соработка помеѓу заинтересираните страни во процесот. Но, она што загрижува во тековната состојба на реализацијата на практичната настава на учениците е незадолството на наставниците[28] од стекнатите вештини на учениците за време на изведувањето на праксата во организациите. Вкупно 46,2% од анкетираните наставници не се задоволни (16% воопшто не се задоволни и 30,2% не се задоволни) од вештините што учениците ги стекнуваат во организацијата каде што ја реализираат практичната настава, додека 40,6% делумно се задоволни од вештините што учениците ги стекнуваат при реализирањето на практичната настава[29] (Графикон 3).




**Графикон 3.** Задоволни сте од вештините кои вашите ученици ги стекнуваат во организацијата каде што ја реализираат практичната настава

26 Резултати од фокус-групи со ученици од ССО, мај 2017 година

27 Интервју со претставници од бизнис-заедницата, мај 2017 година

28 Резултати од анкети со наставници од средните стручни училишта, мај 2017 година.

29 Резултати од анкети со наставници од средните стручни училишта, мај 2017 година.

Заклучокот од моменталната состојба на соработката на училиштата со бизнис-секторот укажува дека има потреба од нејзино подобрување при реализацијата на практичната настава[30], кон што насочува ставот на учениците дека ретко одат на пракса во работни организации, и тоа го прават како набљудувачи. Исто така, учениците немаат ниту менторска поддршка од вработените во компанијата, ниту пак се активно вклучени во работниот процес[31].

Во целиот сплет на околности кои наведуваат кон барање на решение за проблемот и во насока на потврдување на дефинираниот проблем се вклопува и потребата од ревизија на наставните планови и програми. Инертните планови и програми, кои не соодветствуваат на актуелните модернизирани работни текови се проблем кој директно влијае врз градењето на стручно квалификувана личност подготвена веднаш по завршувањето на своето образование да се вклучи на пазарот на трудот. И учениците и наставниците[32] потврдуваат дека е потребна промена на постојните планови и програми (Графикон 4).




**Графикон 4.** Во постојните наставни планови и програми е предвиден доволен број часови за практична настава за работно оспособување за директно вклучување на работното место

Во насока на ова тврдење е фактот дека над 50% од анкетираните наставници не се согласуваат, односно само делумно се согласуваат дека во постојните наставни планови и програми е предвиден доволен број часови за практична настава, со што всушност директно се влијае на работното оспособување на учениците и можноста за полесно вклучување на работното место. Во контекст на ова, и поголем дел од учениците укажуваат на потребата од нивно осовременување во правец на исполнување на практичните потреби во струката, бидејќи истите содржат застарена содржина која не соодветствува со работните места и технологијата, истата е непотребна и ги оптоварува учениците со дополнителен напор и време за совладување[33] (Графикон 5).

30 Исто

31 Резултати од фокус-групи со ученици од средните стручни училишта, мај 2017 година

32 Резултати од анкети со наставници од средните стручни училишта, мај 2017 година.

33 Исто




**Графикон 5.** Со реализација на постојните наставни планови и програми учениците во стручното образование стекнуваат современи и употребливи знаења и вештини

Вкупно 44% (11,9% воопшто не се согласуваат и 32,1% не се согласуваат) од испитаниците не се согласуваат со тврдењето дека со реализација на постојните наставни планови и програми учениците во стручното образование стекнуваат современи и употребливи знаења и вештини, па како резултат на тоа директното вклучување на работното место по завршувањето на образованието се смета за отежнато[34]. (Графикон 5).

Квалификацијата дека слабоста на наставните планови и програми се должи на недостигот на квалитетна анализа на пазарот на трудот и неговите потреби[35], укажува на причинско-последичната врска на процесот на редактирање на плановите и програмите со крајниот ефект при вработувањето стручни кадри веднаш по завршувањето на образованието. Практичниот дискурс на проблемот го потврдуваат и резултатите од тестирањата за јазична писменост, математика и природни науки во рамките на Интернационалната програма за процена на ученици – PISA, спроведена во 2015 година, кои покажуваат дека учениците од Македонија се наоѓаат на дното на листата. По РМ се наоѓаат само три држави: Косово, Алжир и Доминиканската Република.[36] Сите наведени параметри се индикација дека не постои инклузивност на сите засегнати страни во дефинирањето на моделот на ССОО, при што крајниот негативен импакт е врз учениците, бизнисот и економијата во државата воопшто.

Конечно, во Република Македонија се помалку ученици се определуваат за средно стручно образование покрај многубројните индикатори дека можностите за вработување и финансискиот надоместок се солидни.

34 Резултати од анкети со наставници од средните стручни училишта, мај 2017 година.

35 Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, Министерство за образование и наука, Скопје 2013, стр. 42

36 Извештај на PISA, достапно на http://www.keepeek.com/Digital-Asset-Management/oecd/education/pisa-2015-results-volume-i_9789264266490-en#page1, стр.46, Пристапено на 3.6.2017

**Табела 1:** Уписи во основни и средни училишта во Република Македонија

| Запишани ученици во прва година | | | | | | Вкупно ученици опфатени во средно образование (I + II + III + IV година ) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учебна година | III степен ССО број на ученици (број на паралелки) | IV степен ССО | Вкупно во ССО III и IV | Гимназиско образование | Вкупно запишани во IV степен ССО и гимназиско (број на паралелки) | |
| 2010/2011 | 1866 (76) | 14169 | 16035 | 8699 | 22868 (814) | 94155 (3433) |
| 2011/2012 | 1455 (69) | 12795 | 14250 | 9450 | 22245 (809) | 88067 (3477) |
| 2012/2013 | 1198 (63) | 13015 | 14213 | 8208 | 21223 (806) | 89884 (3459) |
| 2013/2014 | 1212 (64) | 12021 | 13233 | 8613 | 20634 (812) | 86418 (3455) |
| 2014/2015 | 1119 (62) | 11388 | 12507 | 8193 | 19581 (818) | 83522 (3474) |
| 2015/2016 | 1165 (62) | 11477 | 12642 | 7728 | 19205 (817) | 80295 (3497) |

**Извор:** Табелата бр. 1 е направена врз основа на податоците од Државен завод за статистика[37]

Податоците од табелата покажуваат дека:

1. Во изминативе 6 години бројот на ученици во средното образование е **намален** од 94.155 ученици на 80.295 ученици, односно има намалување на вкупниот број на ученици **за 15%**.
2. **Бројот на паралелки**, во кои учат овие ученици (чиј број се намалува), **се зголемил** од 3.433 на 3.497 паралелки. Односно, во учебната 2010/2011 година просечниот број на ученици во една паралелка е 27,43 ученици, а во учебната 2015/2016 година просечниот број на ученици во една паралелка е 22,96, (**намалувањето е за 4,47 ученици по паралелка**). Зголемување на бројот на паралелки предизвикува и зголемување на бројот на ангажирани наставници кои ја одржуваат наставата, која сега има зголемен фонд на часови (повеќе паралелки, повеќе часови во училиштето, повеќе наставници, а помалку ученици), кои според член 16 од Законот за наставници во основните и средните училишта, „Сл. весник на РМ", 10/2015, се од 20 до 23 часа неделен фонд.

Податоци за бројот на паралелки, во Државниот завод за статистика постојат само за III степен на образование и може да се забележи дека бројот е во постојано опаѓање и на учениците и на бројот на паралелки. Додека кај истиот извор се покажува дека бројот на паралелки во прва година (даден е како збирен број паралелки во средно стручно + гимназиско образование) е речиси непроменет, бројот на запишани ученици е во опаѓање (бројот на запишани ученици во прва година за IV-годишно образование е намален за 16% - пред 6 години просечно во една паралелка имало 28,09 ученици, а сега тој број

37 Дгжавен завод за статистика, Уписи во основни и средни училишта 2010/2016, последен пат пристапено на: 12.05.2017
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.05.pdf
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.06.pdf
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.14.05.pdf
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.13.09.pdf
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.12.04.pdf
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.11.04.pdf

е 23,51 ученик). Според член 28 од Законот за средно образование, „Сл. весник на РМ", 29/2002, бројот на ученици во паралелките во јавните училишта не може да биде помал од 25, но во истиот Закон стои дека паралелка може да се формира и со помал број, по добиена согласност од основачот. Како што покажуваат податоците дека просечниот број на ученици е помал од законски дозволениот, може да се претпостави дека е максимално искористена одредбата со која се овозможува, со претходно позитивно мислење од Министерството да се формираат паралелки со помал број ученици.

3. Бројот на ученици кои се запишуваат во гимназиско образование е намален за 11% во изминатите 6 години.

4. Бројот на ученици кои се запишуваат во средно стручно образование е намален за 21% во изминатите 6 години.

Во горенаведената табела се податоците за упис во средното образование, средното стручно образование и гимназиското образование во периодот од 2010 до 2016 година. Според овие податоци, може да се заклучи дека бројката на запишани ученици е во слободен пад и дека интересот значително се намалува.

# ДОКАЗИ И ИЗВОРИ КОИ ГО ПОДДРЖУВААТ ОПИСОТ НА ПРОБЛЕМОТ

Моделот на ССОО е специфичен во рамките на образовниот систем бидејќи е првото скалило во работниот процес и затоа, при негова анализа, нужно е емпириско истражување на резултатите од неговата нормативно-практична поставеност. Во најголем дел, скенирањето на проблемот се базира врз резултатите добиени од истражувањето кое вклучува интервју со претставници од бизнис-секторот, фокус-групи со ученици од средните стручни училишта и анкети направени со наставници од средните стручни училишта. Беа направени интервјуа со директори/раководители и одговорни лица за човечки ресурси, по едно интервју со претставник од микро-претпријатие, мало и средно претпријатие, како и едно интервју со раководител на новоформирано претпријатие. Дејности кои беа опфатени со интерјуата се здравство и услужна, односно трговска дејност. Приказот на нивните ставови покажа дека фирмата во која раководи млад кадар со 5 години работен стаж и функционира во најново време покажува отвореност за соработка со средните стручни училишта во споредба со компаниите кои се подолго време на пазарот. За разлика од тоа, фирмите кои постојат подолг временски период покажуваат затвореност во односот кон образовните институции од една страна, а од друга страна имаат потреба од добро обучен стручен кадар.

Основата на проблемската рамка се темели врз приказот содржан во Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020 година од Центарот за стручно образование и наука, Извештаите од направената самоевалуација на средните стручни училишта и Анализата на одредниците за потребите од следење на одредниците на учениците по завршувањето на средното стручно образование од Центарот за стручно образование и наука, Скопје 2013 година. Во рамките на овие извори се нотирани клучните проблеми со кои се соочува образовниот систем, посебно и во релација со бизнис-секторот, како што е непостоењето добра координација, соработка и комуникација со пазарот на трудот, односно бизнис-заедницата, недоволната и несоодветна техничка подготвеност на училиштата во однос на модернизацијата на работниот процес и недостигот на наставни програми, средства и помагала за работа со талентирани деца, неадаптабилноста на наставните планови и програми на способностите на учениците, како и негативната перцепција за средните стручни училишта.

Исто така, беше направена и анализа на законската регулатива релевантна за оваа проблематика, односно анализа на Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, но и анализа на ингеренциите на релевантните институции кои го сочинуваат образовниот систем, Бирото за развој на образованието (БРО), Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) и ингеренциите на единиците на локалната

самоуправа. Добиените резултати укажаа на нефункционален однос помеѓу чинителите на образовниот систем во државата. Во контекст на примената на различни извори кои го потврдуваат постојниот проблем, инспирација претставуваше резултатот од истражувањето на Советот на странски инвеститори во Македонија („Why does the economy need to consider manual labor incentive"), кое ги нотираше недостигот на релевантно практично искуство, недостигот на вештини, отсуството на интерес, недостигот на општи знаења, како и недостигот на вештини за професионален однос во работата како причини за неподготвеноста на кадарот директно да се ангажира на пазарот на трудот. Дополнително, како поткрепа за резултатот од квалитетот на учениците е искористено и истражувањето на Интернационалната програма за процена на учениците – PISA, од 2015 година, која го потврдува ниското ниво на квалитет на учениците во споредба со другите земји во светот.

Од анализата на одговорите на барањата за пристап до информации од јавен карактер, може да се види дека училиштата имаат одредени активности за себепромоција. Меѓутоа, тоа најчесто е преку социјалните мрежи, флаери и отворени денови, што не се покажува како ефективен метод што ги дава посакуваните резултати. Иако училиштата преземаат одредени активности за себепромоција, кај учениците и родителите сепак преовладуваат одредени стереотипи и негативни перцепции кои негативно влијаат на бројките на упис, што може да се види и од табела 1.

# ГЕНЕРАЛЕН ПРИОД

***А) Можни приоди кон решавање на проблемот***

Како можни приоди за решавање на проблемот се предлагаат Германскиот дуален модел на образование, кој најдобро би ги задоволил барањата на стопанството за стручни и компетентни кадри веднаш по завршувањето на средното образование, како и Хрватскиот образовен модел, како модел на образование кој традиционално е близок со македонскиот образовен систем од периодот на СФРЈ.

- **Германски дуален модел на образование[38]**

Германскиот училишен систем нуди разновидни патеки за учениците врз основа на нивните способности и интереси - од добивање на практична обука во стручните училишта до истражување на ексклузивни (top-notch) универзитети.

Основните насоки со кои се регулира образованието во Германија најчесто се поставуваат и се регулираат на федерално ниво од страна на Сојузното министерство за образование и истражување. На пример, секое дете мора да се запише во училиште до шест години и да заврши најмалку девет години од школувањето. Но, голем дел од образовната политика во Германија останува во доменот на 16-те германски федерални единици (сојузни покраини). Тоа значи дека постојат избалансирани варијации од покраина до покраина.

**Рана возраст**

Родителите во Германија имаат можност да ги запишат своите деца помлади од три години во градинки наречени Kinderkrippen или да најдат приватни градинки или дадилки, Tagesmuetter, што ќе се грижат за малите деца. На возраст помеѓу 3 и 6 години децата можат да посетуваат детски градинки (Kindergartens) или Kitas. Некои вакви градинки се финансирани од државата, додека други се основани и менаџирани од католичките и протестантските цркви или се приватни. Родителите можат да најдат многу различни модели на градинки за своите деца. Некои градинки работат речиси исклучиво на отворено. Тие се нарекуваат Waldkindergarten или шумски детски градинки и стануваат сè повеќе популарни. Децата поминуваат речиси цел ден надвор и учат за природниот свет. Други детски градинки се фокусираат на меѓународно образование и нудат настава на дополнителни јазици како англискиот.

Децата на возраст од 6 до 10 години, односно до четврто одделение посетуваат основно училиште наречено Grundschule во кое поминуваат околу 20 до 30 часа неделно во

38 Достапно на http://www.young-germany.de/topic/study/the-german-school-system-explained. Пристапено на 12.8.2017

настава. Во овој момент, родителите и наставниците го оценуваат академското достигнување на децата и одлучуваат какво средно училиште најдобро одговара за ученикот.

По завршувањето на основно училиште, учениците имаат можност да се запишат во различни училишта во зависност од академските достигнувања и интереси: нижо средно училиште (Hauptschule), реално училиште (Realschule) и гимназија (Gymnasium), а некои училишта во Германија ги комбинираат часовите на учениците со различни академски способности. Ваквите училишта се нарекуваат сеопфатно училиште (Gesamtschulen) и само некои од германските сојузни покраини нудат ваков вид образование. За изборот на средно училиште обично одлучуваат наставниците, а во еден дел и родителите, врз основа на оценките на ученикот.

Во Германија, постојат четири главни опции во средното училиште

**Нижо средно училиште (Hauptschule):** Нижото средно училиште е наменето за ученици кои по завршувањето на средното образование сакаат да научат некој занает. Во нижото средно училиште учениците се подготвуваат за вклучување на пазарот на трудот, па така покрај теоретското знаење, тие развиваат специфични практични знаења и вештини. Учениците ги имаат истите наставни предмети (курсеви) како и во другите средни училишта, но фокусот е повеќе ставен на стручната обука и учењето преку практична работа. Курсевите се изучуваат со малку побавно темпо. Нижото средно училиште трае пет години (од петто до деветто или десетто одделение). На крајот учениците добиваат потврда за завршено нижо средно училиште. По полагањето на дополнителниот испит постигнуваат квалификувано завршување на нижото средно училиште. Образованието често завршува со запишување во стручно училиште со скратена настава (a part-time), напоредно со чиракување, кое трае до 18 години. Нижото средно училиште го пренесува општото образование како основа за практичната стручна наобразба.

**Реално училиште (Realschule):** Realschule обично трае од петто до десетто одделение и се завршува во скратена или со целосна настава во стручно училиште. Во реалното училиште учениците можат, на пример, да научат втор странски јазик. Од нив се очекува поголема самостојност во учењето отколку во нижото средно училиште. Во споредба со гимназијата, учениците во реалното училиште се образуваат за занимања. Потврдата за завршено реално училиште генерално претставува основа за повисоки занимања од сите видови и овозможува упис во стручни средни училишта, стручни гимназии или продолжување на образованието во гимназија. Учениците, исто така можат да одат на повисока стручна обука на Berufschule. Некои ученици со многу успешни постигнувања можат да се префрлат и во гимназија. Реалното училиште пренесува проширено општо образование.

**Гимназија (Gymnasium):** За оние ученици кои планираат да продолжат на универзитет или кои сакаат да добијат двоен (дуален) академски и стручен степен, гимназијата е најдобриот избор. Учениците кои се запишуваат во гимназија, во ова училиште одат осум години (од петто до 12 или 13 одделение/клас), а потоа полагаат завршен испит, матура (општ испит на зрелоста). Гимназијата е наменета за ученици кои по завршувањето сакаат да студираат на универзитет, во (стручна) висока школа или во виша стручна школа или да посетуваат двојни студии (теорија на универзитет или висока школа, а пракса во компанија). Во споредба со нижото средно училиште и реалното училиште, од учениците во гимназија се очекува поголема самомотивација. Наставната програма во Gymansium е различна од училиште до училиште, но повеќето од нив нудат различни наставни про-

грами, вклучувајќи хемија, биологија, физика, историја, филозофија, компјутерски науки, германски јазик, математика, социјални студии и странски јазици. Учениците во гимназија, на крајот добиваат диплома наречена *Abitur*, или *Abi*. Дипломата Abi е потребна за прием на универзитет.

**Сеопфатно училиште (Gesamtschule):** Друг вид средно училиште достапно во некои германски држави се нарекува Gesamtschule, или сеопфатно училиште. Gesamtschule ги прифаќа учениците од сите академски способности и на оние ученици кои завршуваат деветто одделение им доделува степен на *Haputchule*, а на оние кои завршуваат десетто одделение им доделува степен *Realschule*.

**Други опции во средното образование.** Учениците, исто така можат да посетуваат приватни училишта, кои обично наплаќаат школарина. Протестантските и католичките цркви управуваат со основните и средните училишта. Низ цела Германија постојат неколку стотици интернати (*Internat*) или интернатски училишта, а достапни се и меѓународни училишта, кои нудат курсеви за јазици, како што е англискиот јазик.

Освен средното училиште, учениците имаат различни опции во зависност од нивниот степен.

**Berufschule.** Учениците кои посетувале Hauptschule или Realschule потоа можат да одат на Berufschule, кое ги спојува академските студии со чиракувањето (практична работа на работно место во компанија). Штом заврши практичната работа во компанија, учениците кои ќе ги положат завршните испити ќе добијат сертификат за определена линија на работа. Оваа наставна програма е надгледувана од страна на Сојузната влада, синдикатите и индустриските организации.

**Универзитети**

Учениците кои го поминале матурскиот испит и се стекнале со диплома Аби на крајот на средното училиште можат да аплицираат на универзитетите. Постојат неколку различни универзитетски модели, вклучувајќи класични универзитети кои нудат широк избор на предмети и се стекнуваат со диплома Bachelor. Во минатото, учениците студираа на традиционалните универзитети во Германија со траење до шест години, но сегашните широки реформи во училиштата во Европа предизвикаа промени и во универзитетскиот модел, каде е воведен четиригодишен модел на студии. Technische Hochschulen се четиригодишни технички универзитети насочени кон студенти кои сакаат да работат во повеќе специфични области. *Hochschulen* специјализираат во креативни полиња, како што се уметноста и музиката.

По завршувањето на своето образование, во Германија постојат три можности за подготовка за вклучување на пазарот на трудот:

- Стручно образование (на пример, за електроничар или индустриски комерцијалист) во компанија или јавна служба;
- Дуално образование – двојно, затоа што компанијата соработува со вишата стручна школа или со (стручната) висока школа или со универзитетот. Тоа значи тесно поврзување на теоријата со праксата.

**Стручна настава (стручно образование / стручно оспособување) во Германија:**

Доброто образование е најважниот услов за влез на пазарот на трудот. За наоѓање на работа во Германија е важно да се заврши стручно образование или студии. Стручното оспособување/образование по правило трае од две до три и пол години и обично се

случува во таканаречениот двоен (дуален) систем. Се состои од практична настава во претпријатие и теоретско учење во стручното училиште. Околу 60% млади во Германија поминува стручна наобразба во дуалниот систем.

Во Германија има околу 350 професии со стручна подготовка. Информативните центри за професионална ориентација (Berufsinformationszentren, BIZ), во рамките на Агенцијата за работа (Agentur für Arbeit) им помагаат на младите во изборот на занимање. Тие нудат многу информации за различни професии, занимања и потребни квалификации. Директното советување и помош при избор на професии, младите можат да добијат од вработените во агенциите за работа.

- **Хрватски образовен модел**[39]

Системот на образование, денес, во Хрватска започнува со предучилишни установи кои ги опфаќаат детските градинки на локалните самоуправи и приватните детски градинки, како и установите во кои се спроведуваат предучилишни програми, како што се библиотеки, разни задруги и основни училишта. Детските градинки се задолжени за целодневна или скратена програма за воспитување и образование, здравствена заштита, исхрана и социјално згрижување на деца на возраст од 6 месеци до поаѓање во училиште.

Децата на возраст од навршени шест и пол години започнуваат со задолжитолно примарно образование кое трае 8 години. За оние постари од 15 години кои не завршиле основно училиште, постои систем на основно образование за возрасни.

По завршено основно училиште може да се продолжи школувањето во незадолжителни средни училишта (секундарно образование), кои според наставните планови и програми се делат на гимназии и на стручни (технички, индустриски, економски) и уметнички (музички, танцови, ликовни) училишта. Гимназиите имаат општообразовна наставна програма со времетраење од 4 години и завршуваат со задолжителен завршен испит - државна матура. Образованието во стручните и уметничките училишта може да трае од 1 до 5 години, и најчесто завршува со изработка и одбрана на завршен труд, но можно е и дополнително полагање на државната матура за оние ученици кои завршиле четиригодишно средно образование. Од 2010 година, успехот постигнат на државната матура е основа за упис во високошколските установи. Освен во средните училишта, постојат и програми за стручно оспособување (обука за работа во струката), како и училишта за образование за возрасни. Посетувањето на основните и средните државни училишта е бесплатно.

Високото образование се спроведува на високообразовните установи низ универзитетските и стручните студии. Високообразовните установи се поделени на високообразовни (велеучилишта), високи школи, факултети и уметнички академии. Сите студиски програми се усогласени до 2005 година со барањата на Болоњскиот процес, со цел да се создаде Европски систем за високо образование.

Универзитетските студии ги оспособуваат студентите за вршење на работи од областа на науката и високото образование, во бизнис-светот, во јавниот сектор и во општеството. Универзитетските студии се организираат и се изведуваат на универзитите, кои опфаќаат повеќе факултети, а според степенот може да бидат додипломски, дипломски и постдипломски. По завршувањето на додипломски студии во траење од три до четири години, се стекнува со универзитетска диплома (титула univ. bacc.), а по едногодишни или двого-

39 Достапно на: http://www.croatie.eu/article.php?id=35&lang=1, пристапено на 31.07.2017

дишни дипломски студии се магистрира (титула mag.). Постдипломските универзитетски студии траат три години, а завршуваат со јавна одбрана на докторски труд, кога се стекнува академски степен доктор на науки (dr. sc.), односно доктор на уметност (dr. art.).

Стручните студии на студентите им обезбедуваат знаења и вештини кои им овозможуваат да вршат стручни занимања. Стручните студии, во траење од две до три години, се одвиваат на високите школи или велеучилишта, а можат да се изведуваат и на универзитетите; со нивно завршување се здобиваат со стручна диплома (титула bacc.). Велеучилиштата или високите стручни школи можат да организираат специјалистички дипломиран стручен труд во траење од една до две години за лица кои завршиле стручни студиии или додипломски универзитетски студии, и да се стекнат со звање стручен специјалист (стручен спец.). Универзитетот може да организира и постдипломско специјалистичко студирање во траење од една до две години, со кое се стекнува звањето универзитетски специјалист со назнака за струка (univ. spec.).

***Б) Критериуми кои се користат за да се евалуираат опциите***

- Начинот на професионална ориентација на учениците и нивната возраст при избор на вид и степен на образование;
- Рангот на успешноста на системот на образование во Европа;
- Флексибилноста на наставните планови и програми (проодност - вертикална и хоризонтална), како и начинот на стекнување вештини на учениците (начинот на изведување на практичната настава);
- Социо-економскиот развој и состојбите на пазарот на трудот;
- Образовната традиција.

***В) Опции кои не се претпочитаат***

Целосното преземање на германскиот модел не е препорачливо поради следниве причини:

- на возраст од 10 години учениците го завршуваат основниот степен на образование и продолжуваат во средното образование (нижо средно) со нагласена издиференцираност[40];
- професионалната ориентација на ученикот ја врши наставникот41, во еден дел и родителите, врз основа на оценките;
- ранг-листа на модели на образование во светот (во рамките на Европа)42, според која германскиот модел е на дванаесетто место;
- стручното образование бара преголеми финансиски средства за успешна реализација на курикулумите. Германија е на петто место на ранг-листата на глобалниот индекс на кокурентност[43], додека за најновиот индекс на глобална конкурентност нема расположливи податоци за Македонија.

40 https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/thumb/5/50/Deutsches_Bildungssystem-quer.svg/800px-Deutsches_Bildungssystem-quer.svg.png

41 http://zelenaucionica.com/skolski-sistem-u-nemackoj/ (Пристапено на 1.7.2017)

42 http://www.master-and-more.eu/en/news-detail/news/top-40-education-systems-in-the-world/ (Пристапено на 1.7.2017)

43 https://www.weforum.org/reports/the-global-competitiveness-report-2017-2018 (пристапено 04.11.2017)

Поради горенаведените прични, не може да се направи целосно преземање на германскиот модел.

***Г) Опција на политиката која се претпочита***

Поаѓајќи од претхоно направената анализа, а имајќи ги предвид предностите на германскиот модел поради неговата долгогодишна, успешна традиција, но и заедничката традиција со хрватскиот модел, пожелно е германскиот модел на средно стручно образование да се приспособи преку негово дополнување со хрватскиот модел. На тој начин би се добил одржлив модел кој одговара на сегашните услови во Република Македонија, но и проекциите за идниот економски развој. За таа цел, пожелно е реформите да се одвиваат во насока на шематски прикажаниот предлог-модел во продолжение на овој текст.




**ПРЕДЛОГ-МОДЕЛ НА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ-МОДЕЛОТ

По завршувањето на основното образование секој ученик треба да се вклучи во средното образование, и тоа не повеќе од 40% од завршените основци да се вклучат во гимназиското образование, а 60% во средното стручно образование[44]. **Задолжителен степен на образование треба да биде најмалку вториот степен на стручно образование**.

**Во гимназиското образование** (4-годишно образование) учениците би влегле по претходно положен влезен испит (приемен испит) со што ќе се овозможи влез на заинтересирани ученици во овој вид образование (се тргнува од фактот дека овие ученици по завршувањето на гимназиското образование не се работоспособни, туку своето понатамошно образование би го продолжиле во повисоките степени на образование – академии, високошколски установи). За таа цел, учениците во гимназиското образование задолжително би полагале државна матура.

На учениците, веќе запишани во гимназиското образование, кои во текот на своето школување нема да успеат или не сакаат да го завршат овој вид на образование, би им се понудила хоризонталана проодност, односно со дополнително полагање испити од соодветни стручни предмети и практична настава да можат да се вклучат во средното стручно образование, каде што ќе можат да се оспособат за работа и директно вклучување на пазарот на трудот.

**Во средното стручно образование (ССО)** веќе постојат три вида (нивоа) образование: двогодишно, тригодишно и четиригодишно образование со многубројни струки и профили, кои во моментот ги креира Бирото за развој на образованието на Република Македонија. Новината е во тоа што овие струки и профили ќе мора да се ревидираат, а соодветно на тоа и наставните планови и програми, како и целокупниот курикулум за воспитно-образовна работа во овој вид образование.

Треба да се преиспита понудата на струки и профили од страна на средношколските установи наспроти побарувачката на занимања на пазарот на трудот (потребните знаења, вештини и стручни компетенции) и соодветно на тоа да се ревидираат постојните струки и профили и степени на образование, но и да се креираат нови кои ги бара пазарот на трудот. Ова би било задача на Бирото за развој на образованието, општинските тела за локален економски развој и други заинтересирани страни заеднички да креираат струки и профили според потребите на пазарот на трудот (препорачливо е да се изготви среднорочна анализа и план на потребни струки и профили на ниво на општина / регион за следните 5-10 години).

44 Објаснување: во Конкурсот за упис на учениците во средното образование во Р. Македонија од вкупниот број понудени места (струки и профили) максимум 40% ќе бидат во рамките на гимназиското образование. Бројот на ученици во паралелка ќе биде максимум 25 ученици (може да се дискутира за долна граница за формирање на паралелка)

Во средното стручно образование, учениците би можеле да избираат да се запишат во некој од степените на образование без полагање на влезен (приемен) испит (освен за учениците кои се запишуваат во 4-годишните профили од медицинските, економската и правната струка, кои исто така би полагале приемен – влезен испит). Задолжително образование би бил само вториот степен на образование за оние ученици кои не успеале или не сакаат да се запишат во другите степени на образование (гимназиско или стручно).

- **Во двогодишното стручно образование** би биле понудени наменски курсеви (tailor made courses) со кои учениците работно би се оспособиле за вклучување во пазарот на трудот. Во овој степен на стручно образование на учениците би им се понудила повеќе практична настава, а помалку теориски предмети.
- **Во тригодишното стручно образование,** учениците во прва година би имале помалку часови за практична настава, а повеќе теориски наставни предмети, додека во втора и трета година бројот на часови за практична настава би се зголемил (3 дена теорија + 2 дена пракса во втора година и 2 дена теорија + 3 дена пракса во трета година). Практичната настава во прва година (може и во втора) би се реализирала во специјализирани работилници во училиштето, а во трета година во работните организации со директно активно вклучување на работното место. Учениците од тригодишното образование на крајот полагаат завршен испит. По завршувањето на овој степен на образование ученикот би можел да се вклучи на пазарот на трудот или да го продолжи своето образование во четиригодишното образование (со полагање на дополнителни теориски предмети) или во специјалстичко образование.
- **Во четиригодишното стручно образование** на учениците од прва година кон повисоките класови постепено би им се зголемувал фондот на часови за практична настава. Овие ученици би имале избор да избираат дали по завршувањето на овој степен на образование ќе се вклучат на пазарот на трудот (со полагање на завршен испит) или ќе го продолжат своето образование во високошколските установи (со полагање на државна матура). За таа цел во втора, трета и четврта година би требало да се избираат група изборни предмети (повеќе стручни предмети и практична настава за вклучување на пазарот на трудот или повеќе општообразовни предмети ако сакаат да го продолжат образованието). И овие ученици во првите две години на образованието, практичната настава би ја реализирале во специјализирани работилници во училиштето, а во трета и четврта година во работните организации со директно активно вклучување на работното место.

За реализација на овој модел е потребно воведување на регионализација, односно основање на регионални центри според потребите и можностите на стопанските региони во Република Македонија, со што би се постигнало оптимизирање на понудените струки со тековниот развој и развојните потенцијали на регионите.

Во однос на специјалноста се предлагаат три видови на центри:

- Центри за технички струки и профили;
- Центри за медицински и ветеринарни струки и профили;
- Центри за гимназиско образование, економско-правни струки и профили и услужни дејности.

Очекуваните придобивки од предложениот модел се следните:

- Во високото образование би се запишувале заинтересираните ученици;
- Ќе се активира вертикалната и хоризонталната проодност помеѓу видовите и степените на образование, која може да се реализира континуирано во текот на школувањето или дисконтинуирано, на пример, по вработувањето или во подоцнежните години можат да го надградат своето образование или да го променат видот на образование;
- Учениците во стручното образование, со вклучување директно во производството во компаниите и другите работни организации, ќе можат да стекнуваат знаења и вештини учејќи преку работа, со што вистински работно ќе се оспособат, што ќе им помогне директно да се вклучуваат на пазарот на трудот.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА МЕНУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПЕРЦПЕЦИЈАТА ЗА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Извршените теренски истражувања ја потврдија претпоставката за постоење на негативни перцепции за ССО кај родителите на учениците, учениците и приватниот сектор како потенцијален работодавец. Ниската свест за придобивките од завршување на ССО, како и негативниот имиџ на овој вид образование се едни од главните причини за намалениот број запишани ученици во ССО. Како што веќе е претходно напоменато, постои перцепција во јавноста дека во овој вид училишта има недоволно квалитетен и мотивиран персонал, слаба и застарена опрема за изведување на стручна обука на учениците, дискриминација меѓу учениците, безбедносни ризици и дека учениците кои излегуваат од ССО се недоволно подготвени за да настапат на пазарот на трудот како подготвени кадри.

За решавање на проблемот со јавната перцепција можни се два системски пристапи кои би придонеле во тоа. Првиот пристап е легислативниот односно промена во законската регулатива и поставување административни ограничувања во вид на квоти. Вториот пристап е опција која подразбира стратешки пристап за подигнување на јавната свест преку системски решенија и кампања за промена на лошите перцепции кои преовладуваат во јавноста во врска со проблематиката.

Првиот можен приод се однесува на промена на законската регулатива преку која би се пристапило кон намалување на бројот на паралелки во гимназиското образование, односно одлуката за бројот на паралелки во гимназиското образование да биде законски регулирано, со административни ограничувања односно квоти. Можни негативни последици од овие административни ограничувања се потенцијални поделби меѓу учениците и чувство на дискриминација. Тоа би можело да резултира со јавно незадоволство кое може да произлезе од одземањето на правото на избор од страна на државата. Вака предвидените последици се очекува да бидат контрапродуктивни за добивање на очекуваните позитивни резултати од промената на моделот.

Вториот можен приод за подобрување на лошата перцепција на ССО е креирање на стратегија за подигнување на јавната свест и промена на лошите перцепции кои се присутни во јавноста преку долгорочна кампања. За разлика од првиот приод што може да предизвика ефекти на краток рок, но ја ограничува слободата на избор, вториот приод поцелисходно би можел да влијае врз промена на перцепциите.

Истражувањата покажаа дека е потребно преземање на одредени чекори кои ќе бидат во насока на промена на негативната перцепција и промовирање на придобивките од завршувањето средно стручно образование. Постојат различни методи за влијание и

промена на јавното мислење, а како можни приоди за промена на негативната перцепција за ССО во овој документ се предлагаат неколку од нив. Целта на овие решенија не е само краткорочно да се пристапи кон решавањето на проблемот туку и да се направи една одржлива стратегија која ќе резултира со позитивна промена на долг рок.

Решението кое се предлага е сочинето од три меѓусебно поврзани алатки кои заедно ќе доведат до посакуваната цел – подигнување на јавната свест и промена на негативната перцепција.

При одлуката која алатка ќе заземе примарна, секундарна и терцијарна позиција во склоп на целото решение, одлучувачки критериум е ефикасноста која се дефинира како максимизирање на посакуваните резултати со минимизирање на ресурсите, како што се: време, финансии и човечките ресурси. Кога станува збор за ресурсите, се покажа како важно потребното време за имплементација на јавната политика и времето потребно за постигнување на резултатите, минимизирањето на финансиите односно која алатка би постигнала најголеми ефекти со најмалку финансии, како и потребниот број ангажирани чинители при спроведувањето на политиката.

Промена на перцепција за област како образованието не може да се постигне со обична кампања, па затоа е потребно системско решение. Најефикасен начин, во согласност со горенаведените критериуми, е системска промена која ќе доведе до воспоставување на механизам за промена на перцепцијата однатре. Системкото решение се состои од три компоненти.

Првата компонента подразбира закупување на рекламен простор во традиционалните медиуми (особено ТВ), бидејќи тие сѐ уште најмногу влијаат врз свеста на луѓето при градењето на ставовите и перцепциите. Оваа компонента има за цел да ја пренесе информацијата до оние кои се директно засегнати од проблемот и оние кои треба да preземат одлука врз база на информации каде нивното дете би го продолжило средното образование. Оваа активност подразбира претставување на важноста на професиите од ССО, од успешни примери произлезени од постојните училишта преку видеоматеријали кои имаат за цел да ја заинтригираат публиката и да ја направат интересна информацијата со желба за понатамошно доинформирање.

Втората компонента ги вклучува социјалните мрежи, бидејќи тие ќе овозможат пораките да допрат до младата популација односно потенцијалните ученици кои би се запишале, како и постојните средношколци. Со разновидни активности на социјалните мрежи ќе се опфатат и родителите, наставниците и целата пошироко јавност. Оваа активност вклучува споделување на информации за тековните настани и активности на средните стручни училишта, со што самите училишта би се афирмирале во јавноста и би се прикажале во едно поинакво светло за разлика од сегашната перцепција. Уште еден начин на пристап во овој дел ќе бидат и учениците на кои ќе им се даде мотивација да го прикажат најдоброто од себе, а како резултат на тоа ќе бидат промовирани како „амбасадори“, односно претставени како успешни примери излезени од средните стручни училишта.

Третата компонента подразбира редефинирање на една од административните позиции во рамките на самите училиштата и промена на улогата на административен службеник вработен во училиштето. Основната задача на овој административен службеник е да биде врска меѓу приватниот сектор, учениците, локалната самоуправа и училиштата како образовни институции. Тоа лице би било задолжено за промоција на училиштето врз основа на континуирана двонасочна комуникација со останатите чинители, преку следење

на тековните збиднувања во образовната институција и прикажување на збиднувањата на интересен и достапен начин за учениците. Вработениот на оваа позиција сите работни активности на учениците ќе треба да ги презентира и на бизнис-секторот, односно на работодавците кои би имале интерес да ги следат нивните потенцијални кадри (учениците) за да можат да се вработат по завршувањето на средното стручно училиште. Освен презентирање на тековните активности на учениците и самото училиште, ангажираното лице врз основа на постигнатите резултати на учениците ќе издава препораки до заинтересираниот бизнис-сектор. Бизнис-секторот по издадените препораки, а по претходно објавените конкурси за практична работа би можел да ги ангажира учениците.

Се очекува дека имплементацијата на предложениот модел на средно (стручно) образование, поддржан со понудениот модел за негово промовирање во јавноста ќе го зголеми интересот на младите луѓе за школување во стручното образование, ќе го подигне квалитетот и конкурентноста на кадрите што ќе излегуваат од средните стручни училишта, со што на работодавците ќе им понуди добро обучени и мотививирани млади стручни кадри подготвени да одговорат на потребите на пазарот на трудот.